# БИТ ФЕСТ

Покровител на фестивалот
Градоначалник на Општина Битола
**М-р Владимир Талески**




Симфониски оркестар

# WEST COAST SYMPHONY

Канада

Диригент Бујар Липај
Солисти со оркестарот WCS
**Music Progressive Quartet**

10 Јули 2012 год.
Плато, Дом на АРМ 21.00 часот

**Симфонискиот оркестар „West Coast Symphony“** од Ванкувер, Канада е основан во почетокот на 1970-тите години како гудачки оркестар. Со текот на годините, оркестарот го зголеми својот инструментариум најпрвин додавајќи дувачки инструменти и подоцна удиралки, за да се комплетира како симфониски во средината на 80-тите години.

Оркестарот сега претставува 7 програми секоја сезона, во Долнаконтинентална Канада, но исто така и во оддалечените области како што се Боуен Ајленд, Вистлер и Ванкувер Островот.

„West Coast Symphony“ е управуван од страна на избран Одборот на директори составен од членови на оркестарот. Финансиски, оркестарот зависи од донации од поединци и бизниси, како и членарини.

Симфонискиот оркестар „West Coast Symphony“ од Ванкувер, Канада во периодот на 1-15 јули, 2012 година, ја реализира својата долго подготвувана турнеја во југоисточна Европа, поточно 8 концерти во Албанија и Македонија. Во Македонија „West Coast Symphony“ ќе реализира 4 концерти во градовите Штип, Кочани, Битола и Скопје.

Роден во Албанија, **многукратно наградуваниот диригент Бујар Липај** е многу често застапен диригент на Балканската класична сцена. Дипломирал на катедрата за диригирање при Академијата за уметност во Тирана и се усовршувал на Музичката академија „Rueil Malmaison“ во Франција. Од 2008 година ја обавува функцијата на главен диригент на оркестарот „ West Coast Symphony “ во Ванкувер, Канада. Маестро Липај има диригирано концерти низ цела Европа, вклучувајќи ги и концертите со оркестрите на Македонската филхармонија и Македонската Опера и Балет. Бил уметнички директор на Албанската Национална Опера во Тирана, како и е основач на Новиот Филхармониски оркестар во Албанија. Пред да се пресели во Канада, Бујар Липај работел како професор и шеф на катедрата за диригирање при Академијата за Уметност во Тирана.

**Music Progressive Quartet** е камерен музички ансамбл, формиран во 2007 година и во кој членуваат: Владимир Лазаревски – Обоа, Владимир Крстев – Виолина, Марко Виденовиќ – Виола и композитор и Паскал Краповски – Виолончело. Главна идеја и воедно движечка сила на овие млади музичари е да донесат нов звук на светската музичка сцена, презентирајќи го успешно македонскиот традиционален фолклор со влијание на модерниот џез, и сето тоа отсвирено оригинално на инструменти кои најчесто се застапени во класичната музика.

Music Progressive Quartet има остварено голем број концерти во земјава и во странство. Портфолиото на квартетот вклучува настапи на фестивали како: „ Blues and Jazz Rallye “ во Луксембург, „Balkan music nights“ во Конкорд, САД, „Geza Balazs Gari jazz festival“ во Кикинда, Србија, “Денови на словенска писменост” во Москва, “Ensemble studio theatre“ и „ДРОМ“ во Њујорк, “Битфест” во Битола, “Modooars” во Скопје и други. Во март 2012, квартетот ја реализираше својата трета турнеја во САД, која резултираше со серија концерти, одржани семинари на реномирани американски универзитети, како и заеднички концерт и воедно нова соработка со познатиот македонски композитор Дуке Бојаџиев. Досега квартетот има издадено еден носач на звук „Стреам“.

# Програма

Глинка- Ruslan & Ludmilla Overture, (Диригирана од Брајан Динс)

*

Бизе- Carmen suite № 1

*

Дуке Бојаџиев – “Opening”
за обоа, виолина, виола, виолончело и оркестар

*

Марко Виденовиќ - “Stream for the soul”; и “1999 forever”
за обоа, виолина, виола, виолончело и оркестар

*

Шоре – Symphonic suite from „The Lord of the Rings“
(Диригирана од Николас Уркуарт)

*

Чајковски- Romeo & Juliet Overture - Fantasy

*

Офенбах- Orpheus in the Underworld Overture

